**Република Македонија**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Сектор за односи со јавноста**

Во прилог ќе добиете делови од обраќањето на портпаролот на Владата на Република Македонија ***Ивица Боцевски*** на одбележувањето на првиот академски час на Факултетот за електротехника и информатички технологии при Универитетот „Св.Кирил и Методиј“ од Скопје:

„Почитувани студенти,

Почитуван Ректор Мартиновски,

Почитуван Декан Фуштиќ,

Почитувани членови на академската заедница,

Ми причинува огромна чест и задоволство што денеска сум претставник на Владата на Република Македонија на првиот академски час на Факултетот за електротехника и информатички технологии. Оваа чест е уште поголема затоа што се наоѓам во **Храмот на македонската иновативност и креативност**.

А, токму, иновативноста и креативноста, мозочната сила на Република Македонија ќе биде нашето главно оружје и нашата главна потпора во битките што и престојат на нашата држава. Тоа се битките во ерата на глобализацијата, дигитализацијата, информатичките технологии и глобалната мобилност. Единствениот ресурс на едно општество во оваа борба ќе биде знаењето, посебно специјализираното знаење,

применетото знаење дестилирано во звањето ИНЖИНЕР. Факултетот за електротехника и информатички технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е Скопје веќе е етаблиран како една од точките во глобалната мрежа на врвна едукација во сферата на електротехниката и информатичките технологии, а се надеваме дека во иднина овој факултет ќе прави квантни скокови на глобалните и европските рејтинг-листи за квалитетот на образованието и иновативноста. Владата на Република Македонија Ви стои на располагање во овие стремежи.

Вие, студентите по инжинерство на факултетот што се наоѓа на самото сечило на новите технологии, технологиите на иднината, ќе бидете современата македонска фаланга на бојното поле на глобализацијата. Токму благодарение на иновативноста и креативноста на македонските инжинери, Македонија ќе може да се надева за подобра конкурентност во светот, поголемо ниво на странски директни инвестиции, поголема моќ, релевантност и тежина во меѓународните економски и политички односи, но и поголема слобода и демократија во своето општество.

Владата на Република Македонија веќе изготви програми за поддршка на студентите по информатички технологии. Оваа и во идните три години ќе бидат врачени 5 илјади стипендии за студенти кои се усовршуваат во сферата на информатичките технологии. Поддршка ќе добијат и другите применети науки, како и развојот на научниот и академскиот процес.

Воедно, би сакал да Ви ја раскажам и приказната за мојата генерација. Јас доаѓам од една од најелитните скопски гимназии – „Никола Карев“. Сите 20-30 првенци на генерацијата, со еден исклучок кој замина да студира политички науки, се најдоа токму на овој факултет. Денес, како генерација, имаме инжинери во Microsoft и во Google, предавачи на елитни универзитети во САД и ЕУ, но и македонски инжинери кои се двигател на развојот на македонската креативна економија. Некои од Вашите колеги се определија за политиката и поезијата, но оние што останаа во струката се ударната тупаница на македонската иновативност и креативност во бизнисот. На Вас, како нова генерација на Факултетот на електротехника и информатички технологии, Ви престои нималку лесната задача и обврска да ги надградите постигнувањата на претходните генерации македонски инжинери и уште поцврсто да се вмрежите Република Македонија во глобалните

текови на технологијата, иновативноста, креативноста, науката, демократизацијата и слободата.

Ви посакувам успешни студии.“

**Скопје, 1 октомври 2007 година**

Илинденска бб, Скопје; Ilindenska bb, Skopje тел/tel: +389 2 3230201; факс/fax: +389 2 3227108
Web: www.gov.mk e-mail: inf.sluzba@gs.gov.mk